# ЕФЕКТИВНО УЧЕЊЕ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

**Лена Дамовска**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет - Скопје,*
*Институт за педагогија, Република Македонија*
*lenad@fzf.ukim.edu.mk*

*УДК: 159.953:37.091.212.6-053.4*

**Апстракт**

Во трудот се актуализира прашањето за постигнување квалитет во учењето и развојот кај децата од рана возраст. Ефективното учење претпоставува создавање предуслови неопходни за постигнување на квалитет во реализацијата на планираните содржини, односно на целите и задачите со децата во раната возраст. Колку актуелните европски принципи за постигнување квалитет и добросостојба за децата се можни претпоставки за креирање на новата политика за ран детски развој во МК.

**Клучни зборови**: *ефективно учење, холистички развој, рана возраст, предучилишни деца.*

Последниве години се актуализира потребата за подигнување на квалитетот на образованието, односно, сè повеќе се актуализира образование базирано на стандарди, или образование базирано на излезни резултати:

**Што значи тоа?**

Лицата кои директно се вклучени во реализацијата на воспитно-образовниот процес со децата, честопати си поставуваат прашања за тоа: ***Кои се нивните очекувања од децата? Што знаат и што можат да направат децата на точно одредена возраст? Што сакаат да постигнат и како да го направат тоа? Кои се нивните цели?***

„Дистинкцијата помеѓу учењето и постигнувањето се препознава како главен напор за подобрување и постигнување на квалитет во образованието. Според некои автори (Френч,М.), само извонредното образование се занимава со учењето: вообичаеното кое доминира е насочено кон постигнувањето. За младите умови овие две нешта се речиси сосема спротивни. Учењето е посветено на искуството, постигнувањето на контролата“.

Неопходно е да се прави разлика помеѓу учењето и постигнувањето. Како што истакнува Блум,Б. во ненадминливата „Таксономија на целите на образованието“, целите се експлицитни формулации за начините на кои децата се очекува да се променат, во воспитно-образовниот процес.

Креирањето на услови за ефективно учење во раната возраст е директно условено, пред сè, од начинот на кои се планираат и реализираат предвидените содржини од сите програмски подрачја, но истовремено и од сите развојни домени. Интегрираното планирање на содржините како современ дидактичко-методички концепт (види графикон) претпоставува соодветна интервенција на воспитувачот во согласност со индивидуалните развојни карактеристики и потреби на децата,

креирање стимулативна средина за учење и развој, создавање еднакви можности за сите деца во групата, планирање активности со различни тежински нивоа и излегување во пресрет на индивидуалните можности на секое дете.




Притоа овој дидактичко-методски концепт, секогаш укажува на потребата дека треба да се има големи очекувања од децата.

***Кои се водечки Европски принципи за раниот детски развој до 2030?***

- *Децата се третираат како компетентни партнери во воспитно-образовниот процес*
- *Постигнувањето добросостојба на децата да се сфати како процес, а не како излезен резултат на некоја програма,*
- *Образованието на децата да овозможи зајакнување на индивидуалниот капацитет на секое дете без исклучок*
- *Здравјето на децата да се сфати во најширока смисла на зборот, односно, промоција на холистичкиот пристап,*
- *Подигање на квалитетот на релацијата родител-дете.*

Раниот детски развој во РМ, директно или индиректно, помалку или повеќе, ги допира петте принципи за учење за постигнување благосостојба на децата. Економскатаситуацијавоземјатаиподатоците, говоратзанамалувањенаквалитетот на живот, на квалитетот на стандардот на граѓаните, а со тоа и на благосостојбата на децата сфатена во најширока смисла на зборот. Сепак промоцијата на документот на стандардите за рано учење и развој (Уницеф и МТСП, 2009), како и промоцијата на новата Политика за Ран детски развој ја актуализира синтагмата дека СИТЕ ДЕЦА МОЖАТ. Сосема друго е прашањето колку тие можат!

Исто така е донесен нов Закон за детска заштита (2013), подготвена е нова програма за работа во детските градинки или Програма за рано учење и развој (2014) која се базира на стандардите за рано учење и развој и го следи холистичкиот пристап во развојот на децата.




Последниве години се создадени услови за нелојална конкуренција со можност првпат да се отворат приватни детски градинки и да се зголеми конкурентноста во оваа дејност. На национално ниво, пак, декларативно постојат услови за квалитативен исчекор во дејноста, сепак имплементацијата на новите политики во раниот развој и учење е сосема друга работа. Постојните капацитети на државата се ограничени и тие во старт се пречка за имплементирање на голем дел од работите кои се промовираат со новата политика. Непочитувањето на стандардите за бројот на деца во група (над 30 деца во една група) е фактичката состојба во Република Македонија.

***Кои се главни цели на политиката за ран детски развој во РМ?***

- Подигање на квалитетот на услугите во дејноста
- Промоција на холистичкиот пристап во предучилишното образование
- Промоција на меѓународните документи (конвенција на правата на децата, новите светски тенденции во раниот детски развој
- Промоција на детските градинки како ресурсни центри за едукација на родителите
- Активно вклучување на родителите во реализација на активностите со децата
- Зголемување на опфатот на децата во раната возраст на национално ниво, особено во руралните средини

Сите преземени активности сè со цел на национално ниво да се промовира значењето на раниот детски развој и подигнувањето на јавната свест за значењето на првите години во развојот на секое дете без исклучок. Притоа се уважени документи како што се: Euroschild, Learning for well-being, L4WB Charter for children 2030, Green paper on Teacher education in EU, High Quality Teacher Education...2000, Unesco Strategy on Teachers(2012-2015) http://unesdoc.unesco.org/....Образование и грижа во раното детство, Европска комисија за образование, 2009.
Инвестициите во раниот детски развој продуцираат ефективност во:

- Социјалната адаптација на децата
- Дава основа за понатамошно учење и развој

- Гарантира помали шанси за напуштање на понатамошното школување
- Ги нивелира разликите помеѓу децата.

Во наредниот период на национално ниво се очекуваат корекции во слабостите во иницијалното образование на воспитувачите и наставниците, активностите да се насочат во правец на промени во иницијалното образование, се очекува зголемување на компатибилноста на ЕУ-квалификации за наставници, координирани политики и квалитетни услуги. Исто така, се очекува избегнување ситуација на докажување на општествената вредност и значење на професијата педагог, воспитувач и наставник.

## Користена литература


1. Дамовска, Л. и др.(2012) Нови практики во детските градинки
2. *Developmentally Appropriate Practices.* (2009). The New DAP. NAEYC
3. *Early Childhood Resource Pack.* (2004). UNICEF, UN
4. Образование и грижа во раното детство, Европска комисија за образование, 2009
5. Follari, M.L. (2007). *Foundations and Best Practices in Early Childhood Education.* Pearson Education
6. Програма за рано учење и развој, Биро за развој на образованието, 2014
7. Стандарди за рано учење и развој, Уницеф, 2009
8. *Teaching to Learn.* (2013). Gama Digital: Centre for Democracy and Reconciliation in South- East Europe.
9. Yelland, N. (Ed.). (2005). *Critical Issues in Early Childhood Education.* Open University Press.